РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT
12-1775/2
20-01-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 59-тата седница одржана на 14.01.2022 година ја донесе следната

*ОДЛУКА*

Пријавата заведена под бр. 12-1775/1 од 04.05.2021 година против поранешниот технички министер за внатреши работи --------------, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување за предметниот случај од причина што нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата (анонимна пријава).

Предметот со број 12-1775 од 2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Од страна на непознат подносител, на ден 04.05.2021 година, поднесена е пријава за лицето ------------------, поранешниот технички министер и оформен е предмет со број 12-1515 од 2021 година.

Во пријавата подносителот наведува дека е извршена злоупотреба на на државни ресурси за изборни цели и партиски активности, а во функција на кампањата за предвремените парламентарни избори и воа во периодот од ----------------- година од страна на тогашниот технички министер -----------------.

Кон пријавата доставени се и фотографии од објавени активности на интернет страницата Фејзбук од страна на наведениот тогашен министер, и истите се однесуваат на направени посети на повеќе населени места во Струмичкиот регион, како и во Дојран, Радовиш и Кавадарци. Во пријавата е наведено дека најверојатно при таквите посети техничкиот министер користел службено возило, а и дека е веројатно дека користел и сместување, исхрана, гориво и друго, со оглед на тоа што посетите биле во повеќе денови, и истите веројатно биле платени од државниот буџет – без притоа да се доставаат дополнителни прилози со кои ќе се докажат овие укажувања.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека нема доволно податоци со кои би се конкретизирале пријавените наводи и нема можност да се обезбедат дополнителни информации за наводите во пријавата, бидејќи се работи за анонимна пријава, по што оцени дека нема елементи на надлежно постапување за предметниот случај.

Врз основа на наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Горан Трпеноски**

Изработил: м-р К.З., Советник
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК